ООУ,,КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ОБЛЕШЕВО

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

од работата на ООУ,,Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024год.

Јули 2024 ГОДИНА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работата на ООУ„Климент Охридски“ Облешево за учебната 2023/2024 год.

Извештајот за работата на ООУ,,Климент Охридски“Облешево за учебната 2023/2024 година ги опфаќа активностите од планираната и реализираната воспитно-образовна работа на училиштето планирани со Годишната програма за работа на училиштето.
Целта на извештајот е да ги презентира активностите и постигањата од воспитно-образовната работа на крајот од учебната 2023/2024 година.

Услови за работа

Во составот на основното училиште покрај централното во с.Облешево, работат 4 подрачни училишта и тоа: подрачно училиште во с.Кучичино од 1 до 9 одд, подрачно училиште во с.Чифлик од 1 до 5 одд. подрачно училиште во с.Теранци од 1 до 5 одд. и подрачно училиште во с.Бања од 1 до 5 одд.

За успешно започнување на учебната 2023/2024година во ООУ,,Климент Охридски“Облешево беа извршени неопходните подготовки, како во централното така и во подрачните училишта:
- реконструкција и поправка на внатрешни простории во училиштето;
- адаптација и уредување на просторија за продолжен престој на учениците од 1 до 3 одделение;
- промена на стари светилки со штедливи лед сијалици во централното и подрачните училишта;
- опремување и уредување на кабинет по музичко образование, кабинет по ликовно образование и кабинет по ФЗО;
- обезбедување на диспанзер за пивка вода за пиење во централното училиште;
- санација на надворешна фасада на објект во централното училиште;
- санација на оштетени лимни конструкции на спортската сала во централното училиште;
- опшивање на прозорите на училишната зграда во централното училиште;
- уредување на парковите во централното и подрачните училишта;
- санација на кров и опшивка на таван во училница во ПУ Кучичино;
- замена на сите зелени табли со нови магнетни табли во централното и подрачните училишта;
- санирање и ставање во употреба на дополнителни санитарни јазли во слортската сала во централното училиште;
- ентериерно уредување на слортската сала во централното училиште;
- обновување и фарбање на клупи околу училишниот двор.

Распоредот на часовите навреме беше изготвен како и планирањата за задолжителна и изборна настава навреме беа изготвени и доставени и учебната година започна на 01.09.2023год.

Сите наставни предмети се стручно застапени и сите ученици кои подлежат на редовно школување, а припаѓат на нашето училиште се целосно опфатени.
Во почетокот на учебната година беа запишани 168 ученици и тоа во одделенска настава 92 ученици распоредени во 12 паралелки 4 чисти и 8 комбинирани, во предметна настава 76 ученици распоредени во 8 чисти паралелки и 2 комбинирана. Во текот на годината во училиштето не се испиша ниту еден ученик и вкупниот број на ученици на крајот на првото полугодие изнесува 168 ученика.
Од оваа учебна година е воведен и продолжен престој за учениците од 1 до 3 одделение во централното училиште во Облешево, и покрај учениците од 1 до 3 одделение од централното се вклучени и учениците од подрачните училишта. На крајот од првото полугодие вкупно 20 ученика се вклучени во продолжениот престој со една одделенска наставничка.

Последните години училиштето се соочува со намалување на бројот на учениците, најчесто поради промена на местото на живеење и лошата финансиска состојба. Младите семејства својата егзистенција се повеќе ја бараат надвор од државата, со тоа и нивните деца школувањето го продолжуваат во други земји, така што од година во година доаѓа до намалување на бројот на децата во нашето училиште. Намалувањето на бројот на учениците во последните 4 години е прикажан и табеларно.

Учебна година	Ученици на крајот од второто полугодие	Намалување на бројот на ученици во наредната година
2020/2021	182	11
2021/2022	170	12
2022/2023	167	3
2023/2024	168	зголемен за 1

Од табелата се гледа дека бројот на ученици во учебната 2020/2021 година е намален за 11 ученици. Во 2021/2022 година бројот на ученици е намален за 12. Во учебната 2022/2023 година бројот на ученици е намален за 3, додека оваа учебна година бројот на учениците споредено со 2022/2023 е зголемен за 1 ученици.
Наставата во централното и подрачните училишта се изведува во една смена.
Од вкупно 49 вработени во наставата се вклучени 35 наставника:
- во одделенска настава 13 - сите се со високо образование,
- во предметна настава 22 наставника –21се со високо образование и 1 наставник со средно образование.
-Еден стручен соработник психолог со високо образование.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Воспитно-образовната работа во ООУ,,Климент Охридски“Облешево опфаќа

а) настава

б)Воннаставни активности

в)Грижа за здравјето на учениците

г)Соработка со локалната средина

д)Следење ,вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа

ѓ)стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар и другите стручни стручни соработници.

а) Во ООУ,,Климент Охридски“Облешево застапени се следните видови на настава:

Задолжителна настава која се изведува со сите ученици од прво до деветто оделение по предметите: македонски јазик, англиски јазик, француски јазик, математика, историја, географија, граѓанско образование, биологија, физика, хемија, иновации, техничко образование и информатика, ликовно, музичко, физичко, природни науки, општество, историја и општество.

Изборна настава се изведува, Сликање/цртање/вајарство и Мултикултурни работилници во 4 одделение, Мултикултурни работилници и Заштита на животната средина во 5 одделение, Велосипедизам во 6а и 6б одделение во Облешево и 6одделение во Кучичино, Вештини на живеење во 7 а , 7 б Облешево и 7 одделение во Кучичино, Спорт во 8а и 8б одделение Облешево,Техничко образование во 8 Кучичино, Проекти по ликовна уметност во 9а одделение Облешево, Танци и народни ора во 9б одделение Облешево и 9 одд. Кучичино.

Од страна на Државен просветен инспеторат се вршени редовни испекциски надзори и за истите се давани извештаи.

Реализација на воспитно-образовната работа

Во текот на учебната година реализирани се 180 наставни денови.

Од планираните 31356 часа реализирани се 31137 часа. Додатна и дополнителна настава е планирана и реализирана од 7 -9 одделение по претходно изготвен распоред, во другите одделенија според потребите на учениците.

Успех на учениците

Општиот успех на учениците е прикажан во **табела 11** во табеларниот извештај. Од таму може да се види дека учениците од прво, второ и трето одделение описно се оценети. Најдобар успех имаат постигнато учениците од четвртто одделение 4,38, а во предметна настава учениците од деветто одделение 4,40. Средниот успех на ниво на училиште е **4,23**. Спореден со минатогодишниот, кој изнесуваше 4,23 оваа учебна година успехот е **ист нема намалување ниту зголемување**.

Споредба на успехот од минатата година за истите ученици

Одд.	2022/2023	Одд.	2023/2024	зголемен	Намален
Петто	4,25	шесто	3,96		0,29
Шесто	4,49	седмо	4,24		0,25
Седмо	4,47	осмо	4,39		0,08
Осмо	4	девето	4,40	0,4	
Сред.оценка	4,30		4,24		0,06

Од табелата може да се види дека оваа година средниот успех за истите ученици е намален за 0.06 . Оценувањето на учениците е формативно и сумативно. Тоа се врши со разни форми и постапки на оценување (чек листи, бодовни листи, самооценување, усни и писмени повратни информации и сл.).

Споредба на годишниот среден успех на ниво на училиште со изминатите 3 години

Учебна година	Среден успех
2020/2021	4,31
2021/2022	4,33
2022/2023	4,23
2023/2024	4,23

Од табелата може да се заклучи дека успехот во 2021/2022 год. спореден со успехот во 2020/2021 год. е зголемен за 0,02**.** Успехот во 2022/2023 год. спореден со 2021/2022 год. е намален за 0,1, во 2023/2024 година успехот спореден со 2022/2023 е ист.

Во **табелата 11** општиот успех е прикажан и според полот на учениците, при што може да се заклучи дека девојчињата кои се 40 од вкупниот број бројчано оценети ученици постигнуваат подобар успех од момчињата и тоа од следното:

Девојчиња бројчано оценети 40 од нив 70% се одлични, 20% се мн.добри, 7,5% се добри, доволни 2,5 %. Додека момчиња кои се 36 ученици бројчано оценети од нив 30 % се одлични, мн.добри се 27,78%; добри се 38,89% и доволни се 5,5 % .

Споредба на годишниот среден успех по задолжителните предмети за последните 2 години во Предметна настава

Учебна година	Македонски јазик	Англиски јазик	Француски јаз.	Германски јаз.	Математика	Историја	Географија	Граг.образован.	Биологија	Физика	Хемија	Тех.обр.	Информатика	Етика	Ликовно	Музичко	Физичко	Природ. наук.	Иновации
2021/2022	4,16	4,14	4,15		4,08	3,99	4,22	4,09	4,11	4,09	3,88	4,53	4,52	4,37	4,28	4,29	5	4,48	4,38
2022/2023	4,36	4,23	4,21		4,08	4,01	4,18	3,71	4,18	3,75	3,76	4,65	3,82	4,40	4,31	4,37	5	4,4	3,7
2023/2024	4,21	4,40	3,98	4,09	3,95	3,87	3,95	4,24	4,26	4,15	4,28	3,69	3,94	4,33	4,15	4,28	4,95	4,0	4,67
Средна оцена	4,24	4,25	4,11	4,09	4,04	**3,95**	4,12	4,01	4,18	4	**3,97**	4,29	4,09	**4,37**	4,25	**4,31**	**4,98**	4,29	4,25

Одделенска настава

Учебна година	**македонски**	**англиски**	**математика**	**Природни науки**	**ликовно**	**музичко**	**физичко**	**Историја и опште**	**Тех.обр.и информ**
2021/2022	4,34	4,61	4,32	4,48	4,53	4,49	4,68	4,1	4,17
2022/2023	3,89	4,11	3,93	4,03	4,23	4,38	4,75	3,81	3,16
2023/2024	3,91	3,95	3,76	3,98	4,24	4,26	4,95	3,79	4,28
Средна Оцена	4,05	4,22	4,00	4,16	**4,33**	**4,38**	**4,79**	**3,9**	**3,87**

Анализирајќи го успехот по задолжителните предмети во предметна настава, последните 3 години се констатира дека учениците подобар успех постигнуваат по предметите **физичко, етика** и **музичко образование**, додека послаб успех имат по **историја и хемија .**

Во одделенска настава најдобар успех учениците постигнуваат по **физичко образование, музичко образование, ликовно образование**, а послаб успех имаат по **техничко образование и информатика и историја и општество**.

СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА СО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

Од вкупно 17 ученици, кои што завршиле петто одделение во учебната 2022/2023 година машки се 7 а женски се 10. Во шесто одделение во учебната 2023/2024 година се запишале 16 ученика.

Од извршената анализа за успехот на учениците при премин од одделенска во предметна настава се добија следниве резултати:

-по однос на средниот успех

Машки и Женски	**Учебна 2022/2023г.**	**Учебна 2023/2024г.**	**Разлика**
Среден успех	4,25	3,96	-0,29

Од добиените резултати можеме да забележиме дека има пад на успехот кај сите ученици од -0,29 при премин од петто во шестто одделение. Малиот пад на успехот може да се должи на тоа што учениците се сретнуваат со нова средина, нови наставници и им треба одреден период да се прилагодат.

Во однос на половата структура може да се види дека има пад на успехот и кај машките и женските ученици, но поголем пад на успехот има кај машките ученици кој е незначителен.

-по однос на изостаноци

Машки	Петто одд.(2022/2023г.)	Шесто одд.(2023/2024г.)	Разлика
Оправдани изостаноци	135	50	85
Неоправдани изостаноци	0	0	0
Вкупно изостаноци	135	50	85

Женски	Петто одд.(2022/2023г.)	Шесто одд.(2023/2024г.)	Разлика
Оправдани	120	32	88

изостаноци			
Неоправдани изостаноци	0	0	0
Вкупно изостаноци	120	32	88

Машки и женски	Петто одд.(2022/2023г.)	Шесто одд.(2022/2023г.)	Разлика
Оправдани изостаноци	255	82	173
Неоправдани изостаноци	0	0	0
Вкупно изостаноци	176	82	173

Од добиените резултати можеме да забележиме дека учениците имале поголем број на изостаноци кога во петто одделение. Забележуваме дека кај машките ученици има поголем број на оправдани изостаноци во однос на женските. Немаат неоправдани изостаноци.

Учениците и во петто и во шестто одделение се со примерно поведение.

Изостаноци

Изостаноците на учениците се дадени во **табела број 6** и тоа според полот, од каде може да се види следното:
Во одделенска настава вкупно оправдани **1779** или во просек **19,34.** Од нив 894 изостаноци се направени од момчињата, или во просек 19,43, а 885 изостаноци се од девојчињата или во просек 19,23. Во одделенска настава неоправдани изостаноци нема.
Во предметна настава вкупно оправдани изостаноци **1659** или во просек **21,83.** Од нив 969 оправдани изостаноци се направени од момчињата или во просек 26,92, а 690 се направени од девојчињата или во просек 17,25. Вкупно неоправдани изостаноци се **100** или во просек **1,31**, од кои 82 изостаноци се направени од момчињата или во просек 2,28, а 18 од девојчињата или во просек 0,45. Од ова може да се заклучи дека момчињата повеќе отсуствуваат од девојчињата и оправдано и неоправдано.

Вкупно оправдани и неоправдани на ниво на училиште **3538** или во просек по ученик **21,05,** од кои вкупно оправдани изостаноци се **3438** во просек **20,46,** а неоправдани изостаноци **100** во просек **0,59**.
Од вкупно 168 ученици сите 168 ученици се со примерно поведение.

П Р Е Г Л Е Д

на изостаноците на учениците на крајот на второ полугодие за учебната 2023/2024год.

Одд.	Вкупно ученици			Оправдани						Неоправдани						Вкупно Оправд.и неоправ	просек
	м	ж	се	м	Просек по ученик	ж	Просек по ученик	Вкупно	Просек по ученик	м	Просек по ученик	ж	Просек по ученик	Вкупно	Просек по ученик		
1	10	5	15	64	6,4	206	41,2	270	18							270	18
2	8	13	21	258	32,25	136	10,46	394	18,76							394	18,76
3	6	10	16	40	6,67	124	12,4	164	10,25							164	10,25
4	11	9	19	228	20,72	59	6,55	287	15,10							287	15,10
5	11	9	19	304	27,63	360	40	664	34,94							664	34,94
1-5	46	46	92	894	19,43	885	19,23	**1779**	19,34							**1779**	**19,34**
6	7	9	16	50	7,14	32	3,55	82	5,12	0		0		0		82	5,12
7	8	10	18	468	58,5	102	10,2	570	31,67	10	1,25	0	0	10	0,55	580	32,22
8	10	8	18	134	13,4	222	27,75	356	19,78	41	4,1	7	0,87	48	2,67	404	22,44
9	11	13	24	317	28,81	334	25,69	651	27,12	31	2,81	11	0,84	42	1,75	693	28,87
6-9	36	40	76	969	26,92	690	17,25	**1659**	21,83	82	2,28	18	0,45	100	1,31	**1759**	**23,14**
1-9	82	86	168	1863	22,72	1575	18,31	**3438**	20,46	82	1	18	0,20	**100**	0,59	**3538**	**21,05**

Споредба на изостаноци со минатата година

	оправдани	неоправдани	вкупно	просек
2021/2022	3360	20	3380	19,88
2022/2023	2864	39	2903	17,38
2023/2024	3438	100	3538	21,05
Зголемени за	574	61	635	
Намалени за				

Од табелата може да се констатира дека оваа учебна 2023/2024 година споредено со претходната 2022/2023 година бројот на оправдани изостаноци е зголемен за 574, бројот на неоправдани изостаноци е зголемен за 61, а вкупниот број на оправдани и неоправдани изостаноци е зголемен **за 635.**

Воннаставни активности

Во учебната 2023/2024 година беа реализирани следните активности:

-Одбележување на првиот училишен ден за првачињата;

- Учество во противпожарни игри по повод 2-ри роденден на ДПД Кочани и освоено второ место со ученците од петто одделение 16.09.2023год;

- Одбележан 22 септември – Светскиот ден без автомобили, активности со учениците од шестто одделение по изборниот предмет Велосипедизам;

-По повод Европската недела на спортот со подршка на Агенцијата за малди и спорт нашето училиште се приклучи во проектот со спортски активности со учениците од 4 и 5 одд. под менторство на наставничката Драгица Николова и наставниците Тошо Геров и Кристијан Лазаров, учениците учествуваа во различни спортски дисциплини: штафетни игри, елементарни игри, вежби со ленти и изведување на елементи од фудбал- реализирано на 22.09.2023г;

- Учество на работилница „Изработка на хартија од ориз“ во ООУ„Синиша Стоилов“ Зрновци, учествуваа учениците Стефан Коцев 8 одделение и Ева Митева 9 одделение со наставничката по ликовно образование Ирена Митевска Стојанова реализирано на 28.09.2023г;

- Одбележување на детската недела под мото: „Јас и светот околу мене“ се реализирани следните активности:

- класните раководители ги истакнаа одредбите од Конвенцијата за правата на детето –активноста се спроведе со сите ученици од 1 до 9 одделение, на 02.10.2023г;

- Прием на првачињата во детската организација, на 04.10.2023г;

- Работилница на тема: „Јас и светот околу мене“ - учениците изработуваа проекти, изработуваа беџови – активноста се спроведе со учениците од 1 до 5 одделение, реализирано од 02.10.2023 до 06.10.2023г;

- Литературно читање и избор на најдобра литературна творба од литературен конкурс на тема: „Јас и светот околу мене“,учествуваа учениците од 6 до 9 одд. релаизирано на 04.10.2023г;

- Спортски игри без граници,штафетни игри и елементи на фудбал со учениците од 1 до 9 одд, реализирано на 06.10.2023г.

- Учество на ликовен конкурс од издавачката куќа Феникс од Скопје на тема „Културно наследство“ учествуваа тројца ученици од нашето училиште Стефан Коцев 8 одделение Мелани Стојанова 8 одделение и Кристијан Станоев 9 одделение – 06.10.2023г;

- Еднодневен есенски излет во с.Блатец со посета на споменикот на паднатите борци учесници во НОБ, училиштето „Кочо Рацин“, како и манастирот св.„Богородица Причесна“, со сите ученици од прво до деветто одделение реализиран на 10.10.2023г;

-Активности за одбележување на Меѓународниот ден на храната припрема, готвење декорирање и дегустација на традиционална храна, овошје и зеленчук, реализирано со сите ученици од 1 до 9 одделение на 16.10.2023г;

- Литературно читање на сопствена литература од страна на членовите на литературното друштво „Копнеж“, реализирано на 01.11.2023г;

- Учество на ликовна колонија по повод денот на Општина Зрновци 8 ноември „Св.Димитриј“ со мото „Општина Зрновци – место на инспирација и создавање“ учествуваше Јована Давитковска 9 одделение со наставничката по ликовно образование Ирена Митевска Стојанова- на 03.11 и 04.11.2023г;

- Спроведено истражување „Реализација на слободните изборни предмети и слободните изборни активности во основното

образование“- во истражувањето учествуваа сите наставници кои реализираат настава од 4 до 9 одделение како и ученици од 8а и 9а одделение, истражувањето беше спроведено од страна на Биро за развој на образованието на 06.11.2023г;
- Учество на интернационален натпревар по информатика Дабар, учествуваа 56 ученици од четвртто до деветто одделение, натпреварот се реализираше од 13.11.2023 до 16.11.2023 г;
- Учество и освоено третто место на Science on Stage North Macedonia i STEMLab, Научниот фестивал „ Science on Stage |Festival-North Macedonia“, каде наставниците ги претставија своите иновативни проекти од областа на STEM образованието. Третото место го освоија Наталија Георгиевска наставник во ООУ„Климент Охридски“ Облешево и професорот Борче Алексов од СОУ„Љупчо Сантов“ Кочани со нивниот проект „Нарушување на природниот екосистем со долготрајна употрена на синтетичко губриво кое доведува до хемиски дисбаланс во растенијата примателi“ на 18.11.2023г;
- Предавање „Болести на зависност“ на учениците од 9 одделение спроведено од страна на Црвен Крст Кочани- 24.11.2023г;
- Работилница „Истражување на чувства“ со учениците од 2 и 3 одделение спроведена од училишниот психолог - на 27.11.2023г;
- Учество на саем „Саем на наука“ организиран од меѓународното училиште Мааријф Тетово со проектот „Буковка еликсир на здравјето“ учествуваа наставничката Наталија Георгиевска и ученикот Матеј Стоименов 9 одделение- освоено второ место на 06.12.2023г;
- Ликовна колонија по повод патрониот празник на училиштето на тема „Македонски народни песни како инспирација за ликовни творби“ на која учествуваа ученици од нашето училиште, и ученици гости од ООУ „Синиша Стоилов“ Зрновци и ООУ„Никола Карев“Кочани- одржана на 05.12 и 06.12.2023г;
- Учество во спортски активности по повод патрониот празник учествуваа ученици, наставници и родители од нашето училиште и спортски натпревари на кој учествуваа учениците од нашето училиште и ученици од ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци и ученици од ООУ„Синиша Стоилов“ Зрновци – 06.12.2023г;
- Засадување на садници од Гинго дрвца кои се симбол на здравје и долговечност во централното и подрачните училишта кои се донација- реализирано на 06.12.2023г;
-Литературен конкурс по повод патрониот празник на слободна тема, наградени ученици се: Нина Ристова 9 одделение – прво место, Ева Митева 7 одделение - второ место, Лејла Димитрова 8 одделение- трето место;
- Учество на свечена приредба по повод патрониот празник на училиштето „Св.Климент Охридски“;
- Предавање по Граѓанско образование- Антикорупциска едукација на учениците- воведен час- Причини и последици од корупцијата, и Стекнување на основни знаења за корупција-антикорупција на учениците од 8 одделение;
- Работилница и презентација „Насилство и превенција од насилство“ на учениците од 6 , 7 и 8 одделение реализирана од училишниот психолог на 18.12.2023г;
- Работилница „Истражување на чувства“ со учениците од 1 одделение спроведена од училишниот психолог - на 27.12.2023г;
- Новогодишни работилници на кои учениците, родителите и наставниците изработуваа новогодишни украси со кои се разубавуваа училниците и холот;
- Новогодишни приредби во кои учествуваа учениците од прво до петто одделение во централното и подрачните училишта;
- Психологот реализираше советување родители - со 2 средби повикани беа 9 родители на советување чии деца имаат 3 и повеќе слаби оцени, советување ученици за 3 и повеќе слаби оцени, како и советување ученици и советодавни разговори со

ученици и родители во текот на учебната година;
- Интонирање на химната секој први понеделник во месецот;
- Предновогодишен турнир во шах помеѓу учениците, Стефан Коцев освои прво место, оддржан на 28.12.2023г;
-Работилница „Другарство“ со учениците од продолжен престој спроведена од училишниот психолог на 30.01.2024г;
- Предавање по Граѓанско образование- Антикорупциска едукација на учениците- воведен час- Причини и последици од корупцијата, и Стекнување на основни знаења за корупција-антикорупција на учениците од 8 одделение;
-Работилници за изработка на честитки за денот на жената.
- Одбележување Денот на пролетта и Денот на екологијата - Пишување Еко-пораки, засадување на цвеќиња и украсни дрвца во училишната градина, учествуваа сите ученици од 1 до 9 одд. на 21.03.2024г
- Одбележување на 1 ви Април -Денот на шегата учениците од 1 до 9 одд. со маски продефилираа и прогласување на 3 најдобри маски;
- Учество на Пробиштипски маскенбал 2024- освоено второ место на 29.03.2024г;
- Спроведена мотивациска работилница по прва помош од страна на Црвен крст Кочани на учениците од 8 и 9 одделение на 03.04.2024г;
-Учество на првиот регионален Саем за наука во Велес наука во рамките на Johnson Matthey - Џонсон Мети програмата за влијание на заедницата “Науката и Јас", учествуваа ученици од 6 одд. Јана Ангелова, Мила Коцева и Ана Ристова под менторство на наставничката по природни науки Наталија Ѓеоргиевска на кој учествуваа над 40 талентирани ученици од 6-то одделение, под менторство на своите наставници по природни науки од пет училишта низ Велес, Облешево, Штип, Лозово и Батинци – 16.04.2024г;
-Активности по повод Денот на планентата Земја - презентација следење на процес на садење изртени семчиња од дрво Гинго од страна на група екологисти и професори од тимот на господинот Томе Стојанов познат како Томе –Гинко следена од нашите ученици од 6,7 и 8 одделение и наставници и засадување на мали стебла во училишниот двор, друга активност следење презентација „Кој ја загадува природата“ изработка на цртежи и пишување пораки за чување и грижа на планетата Земја учениците во одделенска настава -22.04.2024г;
- Учество на натпревар по Прва помош организиран од Црвен Крст Кочани- на 25.04.2024г;
- Проследена детска театарска претстава „Сказна за рибарот и златната рипка“ во спортска сала Никола Карев во изведба на Владо Дојчиновски и Театар Колозов Скопје проследена од учениците од 1 до 9 одделение на 25.04.2024г;
-Презентација на учениците од 9 одделение „Каде после основно образование“ спроведена од стана на психологот
-Прашалник за професионални интереси и способности на учениците од 9 одделение спроведен од психологот на 26.04.2024г;
-Работилници за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба кај учениците, Активно слушање Кругови на моите блиски спроведени во 6, 7, и 8 одделение од страна на училишниот психолог;
-Посета на едукативен центар „ Винчини Чоколенд“ во Виница со учениците од прво, второ, и четврто одделение од централното и подрачните училишта реализирано на 16.05.2024г;
- Учество во најголемата еколошка акција во државата „Генералка викенд 24“ чистење на училишниот двор и околината на 17.05.2024год;

- Изведена еднодневна екскурзија посета на Природнонаучниот музеј во Скопје со учениците од 8 одделение , реализирано на 21.05.2024г;
-Дводневна научна екскурзија до Скопје и посета на Кратово, Крива Паланка и Скопје со учениците од 6 одд. реализирана 22.05. и 23.05.2024г;
- Учество на ДПФ „Мајски цвет“ Библиотека Искра Кочани- Ева Митева 7 одделение и Стојанче Златев 8 одделение „Мојот роден крај“ ментор Викторија Накова – 31.05.2024г;
- Одбележување на 31 Мај - Светски ден за борба против пушењето, со следните активности: презентации „Опасности од пушење“ и „ Зависност од тутун“ од старна на психологот и одделенските наставници со учениците од 1 до 9 одделение и изработка на постер„Пушењето убива“ изработиле учениците од 9 одд. и наставникот по ликовно образование;
-Реализирана тридневна научна екскурзија до Охрид ,со посета на локалитетот Стоби ,Битола ,Охрид -поста на куќата на фамилијата Робевци,црквата Света Софија,Самоиловата тврдина ,манастирот Свети Канео, Свети Наум. Во Струга посета на куќата на Миладиновци, Вевчанските извори и манастирот Свети Јован Бигорски со учениците од 9 одд. реализирана од 03.06. до 05.06.2024г;
- Изведен еднодневен пролетен излет до село Бели - место ,,Дабот“ и посетена црквата ,,Св. Илија “ со сите ученици од 1 до 9 одделение на 06.06.2024г;
- Реализира еднодневна научна екскурзија до Дојран и посетена: Манастирски комплекс Вељуса, Градот Струмица, Колешинска водопади, Дојран и Дојранско Езеро со учениците од 3 одд. на 07.06.2024г;
-Одржан детски аматерски музички фестивал на кој учествуваа 10 ученици со македонски и странски композиции прво место Мила Ташова од 8 одд, второ место Зорана Тренова од 5 одд и тето место Антонио Филевски- одржан на 07.06.2024г;
- Реализирана тридневна настава во природа со учениците од 5 одделение во детското одмаралиште „Михајлово“ во Кавадарци и посета на знаменитости и установи во близина на Кавадарци од 12.06.2024 до 12.06.2024г.

Грижа за здравјето на учениците

Во текот на целата година училиштето водеше грижа за здравјето на учениците и здравственото образование на учениците и се реализирани следните активности:

- Анализа и хлорирање на водата во с.Чифлик и Облешево
- Вакцинација и ревакцинација на учениците според планот на МЦК
- Редовни систематски прегледи за учениците според планот на МЦК
- Осигурување на учениците во осигурителна компанија „Граве Осигурување Неживот АД Скопје“.
- Спроведена мотивациска работилница по прва помош од страна на Црвен крст Кочани на учениците од 8 и 9 одделение
-Систематски преглед од страна на логопед др.Силвија Стефанова ,вработена во ЈЗУ-општа болница во Кочани на учениците од прво одделение.

- Одбележан 7 ми Април Светски ден на здравјето предавање и презентација „Грижа за здравјето – грижа за себе“ и „Грижа за менталното здравје“ со учениците од 4 и 5 одделение од стана на психологот во училиштето.

-Презентации „Опасности од пушење“ и „ Зависност од тутун“ од старна на психологот и одделенските наставници со учениците од 1 до 9 одделение и изработка на постер „Пушењето убива“ изработиле учениците од 9 одд. и наставникот по ликовно образование.

Училишни натпревари

За зголемување на интересот на учениците кон наставата, развивање на натпреварувачки дух и зближување на учениците од разни средини училиштето учествуваше на конкурси, натпревари (општински, регионални и државни), разни манифестации и тоа:

- Учество на **Општински натпревар по математика 2023/2024** одржан на 03.02.2024г. во нашето училиште**.** Најдобри резултати постигнаа учениците:

Име и презиме на ученикот	одделение	освоени бодови/ награда	Ментор
Матеј Стоименов	9 одд.	60 бода/ III награда	Гордана Лазарова
Давид Заов	4 одд.	55бода/III награда	Анета Илиева
Стефан Коцев	8 одд.	50 бода/пофалница	Благица Колева
Марио Филипов	7 одд.	40 бода/пофалница	Гордана Лазарова
Мартина Тенева	9 одд.	40 бода/пофалница	Јорданчо Иванов
Милан Ангелов	5 одд.	40 бода/ пофалница	Јулка Димитрова
Стефан Трифунов	5 одд.	40бода/пофалница	Јулка Димитрова

- Учество на **Регионален натпревар по математика 2023/2024** одржан на 02.03.2024г во ООУ„Гоце Делчев“Виница, постигнати се следниве резултати:

Име и презиме ученици	одд.	освоени бодови /награда	Ментор
Давид Заов	4одд.	пофалница	Анета Илиева
Матеј Стоименов	9 одд.	учество	Гордана Лазарова
Мартина Тенева	9 одд.	учество	Јорданчо Иванов
Стефан Коцев	8 одд.	учество	Благица Колева

-Учество на **регионален натпревар по македонски јазик 2022/2023**.оджан на 18.11.2023г. учествуваа:

Име и презиме ученик	одд.	освоени бодови /награда	Ментор
Стефан Коцев	8 одд.	3 награда	Верица Иванова
Ева Митева	7 одд.	3 награда	Викторија Накова
Софија Митева	9 одд.	пофалница	Викторија Накова

-Учество на **државен натпревар по македонски јазик 2022/2023** одржан на 16.12.2023г. учествуваа:

Име и презиме ученик	одд.	освоени бодови /награда	Ментор
Стефан Коцев	8 одд.	пофалница	Верица Иванова
Ева Митева	7 одд.	пофалница	Викторија Накова

-Учество на **регионален натпревар по македонски јазик 2023/2024**.оджан на 13.04.2024г. во Кочани учествуваше:

Име и презиме ученик	одд.	освоени бодови /награда	Ментор
Стефан Коцев	8 одд.	3 награда	Верица Иванова

-Учество на **државен натпревар по македонски јазик 2023/2024** одржан на 01.06.2024г. во Скопје учествуваше

Име и презиме ученик	одд.	освоени бодови /награда	Ментор
Стефан Коцев	8 одд.	пофалница	Верица Иванова

- Учество на **Општински натпревар по билогија 2023/2024** одржан на 16.02.2024г онлајн постигнати се следните резултати:

Име и презиме ученици	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Матеј Стоименов	9 одд	2 награда	Анкица Т.Мастева
Мартина Тенева	9 одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Николија Манева	9одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Стефан Коцев	8 одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Ева Митева	7 одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Филип Малинов	7 одд	пофалница	Анкица Т.Мастева
Вероника Коцева	7одд.	пофалница	Анкица Т. Мастева

Теа Митева	7 одд.	пофалница	Анкица Т. Мастева
Ива Спасова	9 одд.	учество	Анкица Т. Мастева
Софија Митева	9 одд.	учество	Анкица Т. Мастева
Мелани Ѓоргиева	9одд.	учество	Анкица Т. Мастева

-Учество на **регионален натпревар по биологија 2023/2024** одржан на 29.03.2024г онлајн, нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

Име и презиме ученици	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Матеј Стоименов	9 одд.	2 награда	Анкица Т.Мастева
Ева Митева	7 одд.	3 награда	Анкица Т.Мастева
Мартина Тенева	9 одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Стефан Коцев	8 одд.	пофалница	Анкица Т.Мастева
Николија Манева	9одд.	учество	Анкица Т.Мастева
Теа Митева	7 одд.	учество	Анкица Т.Мастева
Вероника Коцева	7 одд.	учество	Анкица Т.Мастева
Филип Малинов	7 одд.	учество	Анкица Т.Мастева

- Учество на **државен натпревар по биологија 2023/2024г.** одржан на 08.06.2024г на ПМФ Скопје учествуваше

Име и презиме ученик	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Матеј Стоименов	9 одд	2 награда	Анкица Т.Мастева

-Учество на **општински натпревар по хемија2023/2024г.** одржан на 23.02.2024г. онлајн нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

Име и презиме ученици	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Матеј Стоименов	9одд.	2 награда	Наталија Георгиевска
Мартина Тенева	9одд.	учество	Анкица Т.Мастева

-Учество на **општински натпревар по природни науки 2023/2024г.** одржан на 23.02.2024г. онлајн нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

Име и презиме на ученик	одд	освоени бодови/ награда	Ментор
Давид Коцев	4одд.	3 награда	Анета Илиева
Голубина Ангелова	5 одд.	пофалница	Наталија Георгиевска
Ана Јованова	5 одд.	учество	Наталија Георгиевска

-Учество на **регионален натпревар по хемија 2023/2024г.** одржан на 13.04.2024г. во Штип учествуваше:

Име и презиме ученици	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Матеј Стоименов	9 одд.	пофалница	Наталија Георгиевска

-Учество на **регионален натпревар по природни науки 2023/2024г** одржан на 05.04.2024г. онлајн учествуваа:

Име и презиме ученици	одд	освоени бодови /награда	Ментор
Давид Коцев	4одд.	3 награда	Анета Илиева
Голубина Ангелова	5 одд.	учество	Наталија Георгиевска

Натпревари по физичко и здравствено образование ментор Драгица Николова

- ООУ„Климент Охридски“ Облешево учествуваше на Меѓуопштинска лига на натпревари – ментор Драгица Николова и ги постигна следните резултати:
- Меѓуопштински натпревар во фудсал мажи 8 и 9 одд. освоено второ место-одржано во спорска сала Облешево на 08.11.2023г;
- Меѓуопштински натпревар футсал жени 8 и 9 одд. освоено прво место и пласман на државно првенство – одржано во спортска сала Оризари на 07.11.2023г;
-Меѓуопштински натпревар во ракомет мажи 8 и 9 одд. освоено второ место, одржано во спортска сала Облешево на 31.10.2023г;
- Меѓуопштински натпревар во ракомет жени 8 и 9 одд. освоено второ место, одржано во спортска сала Оризари на 02.11.2023г;
-Зонски натпревар во ракомет жени 8 и 9 одд. освоено трето место одржано во спортска сала Облешево.
-Меѓуопштинска лига футсал мажи категорија 6 и 7 одд. освоено второ место – одржано во спортска сала Оризари на 25.03.2024г;
-Меѓуопштинска лига футсал жени категорија 6 и 7 одд. освоено второ место-одржано во Кочани на 27.03.2024г;
- Меѓуопштинска лига Фудбал мажи категорија 8 и 9 одд. освоено второ место-одржан на големо игралиште „ Никола Мантов“ Кочани на 02.04.2024г;

- Меѓуопштинска лига Фудбал жени категорија 8 и 9 одд. освоено второ место -одржан на големо игралиште „Никола Мантов“ Кочани на 09.04.2024г;
- Државен натпревар во футсал жени категорија 8 и 9 одд. освоено прво место-одржан во спортска сала Облешево на 16.04.2024г. (наградени со учество на летен камп во Дојран од 24.06.2024г до 29.06.2024г);
-Меѓуопштинска лига ракомет мажи категорија 6 и 7одд.освоено второ место- одржан во спортска сала Оризари на17.04.2024г;
- Меѓуопштинска лига ракомет жени категорија 6 и 7одд. освоено второ место-одржан во спортска сала Облешево на 19.04.2024.

Соработка со семејството и родителите

Соработката меѓу родителите и училиштето се одвиваше преку општи родителски средби, средби на ниво на паралелка и индивидуални разговори во текот на учебната година се реализираа 6 родителски средби на кои родителите се запознаваа за успехот, дисциплината на учениците, организацијата на воспитно-образовната работа и избор на изборни предмети.

Се реализираа и советувања на родители на ученици од страна на психологот. Во текот на прво полугодие од учебна2023/2024 година беа повикани на советување 5 родители на ученици со намален успех во учењето 3 и повеќе слаби оценки, а во второто полугодие беа повикани на советување 4 родители на ученици кои имаат 3 и повеќе слаби оцени. Советувањата се реализирани од страна на психологот согласно измените и дополнувањата на Законот за основно образование.

Соработка со локалната самоуправа

Соработката со локалната самоуправа е изразена во материјални и финансиски средства, соработката преку учества на манифестации организирани од страна на општината.

Општината ќе додели парична награда за првенецот на генерацијата – Матеј Стоименов од IX одделение за оваа учебна година.

Обезбедени финансиски средства од старана на општината за учество во летен камп во Дојран за учениците државни прваци во футсал жени.

Соработка со воспитно-културни и услужни дејности

-Соработка со Министерство за образование и култура ПЕ-Кочани
-Соработка со Биро за развој на образованието
-Соработка со дом на културата ,,Бели мугри“Кочани
- Општински црвен крст-Кочани
- Министерство за внатрешни работи-Кочани
-соработка со основните и средните училишта од општината и други општини и други институции кои се заинтересирани за воспитно-образовната работа.

Следење,вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа

Организацијата и реализацијата на овие активности се во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, планирањата на наставниците, директорот и психологот на училиштето.

Во септември извршен е увид во глобалните и тематските планирања на наставниците од страна на директорот и психологот на училиштето констатирано дека сите наставници планирањата ги изработуваат според упатствата добиени од семинарите, и планирањата ги содржат сите елементи според евидентниот лист за следење на планирањата.

Посетени се часови кај сите наставници од страна на директорот и психологот со цел да се види формативното оценување, какви методи, постапки и инструменти наставниците применуваат во оценувањето и какви методи и техники користат во учењето и подучувањето на учениците стекнати од семинарите. Констатирано беше дека сите наставници го планираат оценувањето, применуваат усна и писмена повратна информација, меѓуоценување, самооценување, чек листи, тестови за проверка на постигањата на учениците со аналитички листи, наставни ливчиња, ги применуваат стекнатите знаења од посетата на семинарите.

Стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар и другите стручни соработници

Стручното усовршување на наставниот кадар и стручниот соработник се одвиваше преку обуки и семинари организирани од страна на Биро за развој на образованието:

- 05.10.2023г. -Обука за предметот Иновации, на обука Стојче Ташовски;
- 17.11.2023г.- Обука за Меѓуинародно истражување за настава и учење ТАЛИС, на обука наставник по информатика Благица Колева – училишен координатор за ТАЛИС и психолог Јасмина Данилова Давиткова- заменик училишен координатор за ТАЛИС;
- 16.01. и 17.01.2024г.- Обука „Наука и јас“ Тренинг работилница за ефективна настава по природни науки за наставници по природни науки, одржана во хотел Континентал Скопје, на обука наставник по хемија и природни науки Наталија Георгиевска.
-31.01.2024г- Обука за медиумска писменост, обуката беше спроведена од страна на советник од БРО Татјана Осоговска на обука сите одделенски наставници, Викторија Накова наставник по македонски јазик;
-27.03.2024г- Работилница во рамки на проектот „Остварување на правата на лица со попреченост на национално ниво“ од страна на центарот за европска граганска иницијатива, поддржан од грандовата шема „Човекови права во практиката“ спроведувана од Институтот за епвропска политика и финансирана од Европска унија, на обука психолог Јасмина Данилова Давиткова;
12.04.2024г- Онлајн состанок за обуките за медиумска писменост одржан од советник од БРО Татјана Лазарова и Лилјана Јовановска наставник на одделенските наставници и наставниците по македонски јазик;
- 18.04 и 19.04.2024г.- Обука за стручни соработници „Унапредување на менталното здравје на адолесцентите“ одржана во ООУ„Тошо Арсов“ Штип на обука психолог .
- 19.04.2024г- Проектот за унапредување на основното образование (ПЕИП), имплементиран во рамки на Министерството за

образование и наука, а финансиран од Светска банка, организира регионални обуки кои се дел од активноста „Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена” одржана во хотел Оаза Штип на обука наставник по билогија и хемија Анкица Т.Мастева и психологот Јасмина Данилова Давиткова;
-22.04 и 23.04.2024г.- Обука за унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, самоевалуација и развојно планирање, одржана во хотел Оаза, на обука директорот на училиштето Јорданче Костадинов и психологот Јасмина Данилова Давиткова;
25.06 и 26.06.2024г.- работна средба на Microsoft Teams платформата за наставници кои ќе реализираат настава по географија по предметот Историја и општество за 7 одд. присутен наставникот по географија Стојан Атанасов;
-.28.06.2024г.- Обука за наставници на тема „Настава за развивање на критичко мислење кај учениците“ организирана од страна на БРО на обука сите предметни и одделенски наставници од нашето училиште;
-03.07.2024г.- Обука на Microsoft Teams платформата за наставници по македонски јазик за наставни програми за 6 и 7 одделение, обуката ја следеа наставниците по македонски јазик Верица Иванова и Викторија Накова;
-03.07.2024г.- работна средба на Microsoft Teams платформата за наставници кои ќе реализираат настава по германски јазик за 7 одд. присутна наставничката по германски јазик Милена Давиткова;
03.07.2024г.- работна средба на Microsoft Teams платформата за наставници кои ќе реализираат настава по англиски јазик за 7 одд. присутни Владимир Стојанов, Добре Јакимов;
- 03.07.2024г.- Обука на Microsoft Teams платформата за наставници по ликовно образование за новата нставна програма за 7 одд. на обука наставник по ликовно образование Ирена Митевска Стојанова;
03.07.2024г.- Обука на Microsoft Teams платформата за наставници по ФЗО за новата концепција за 7 одделение, обуката ја следеа Драгица Николова, Христина Анастасова и Кристијан Лазаров;

Констатација, заклучоци и предлог мерки за подобрување на воспитно образовната работа

-За подобрување на успехот на учениците да се реализираат повеќе часови од дополнителна настава особено по предметите каде има повеќе слаби оцени,
-редовно и навремено информирање на родителите(старателите) на учениците за успехот и изостаноците и нивно вклучување за подобрување на успехот и намалување на изостаноците,
- стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар,
- континуирана примена на знаењата стекнати од обуките
-подобрување на материјално-техничките и просторни услови во училиштето.

ООУ,,Климент Охридски“Облешево
Директор
_____